Врз основа на членовите 137, 138, 139,140 и 150 од Законот за авторското право и сродните права (Сл. весник на РМ бр. 115/10, 140/10, 51/11 и 147/13) вв членовите 4 и 12 од Законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права ( Сл.весник на РМ 154/15), како и членовите 13, 24, 40, 45 и 46 од Статутот на Здружението за заштита на авторски музички права (во натамошниот текст ЗАМП), Собранието на ЗАМП на седницата одржана на 28.10.2015година го донесе следниот

# ПРЕДЛОГ НА ПРАВИЛНИК
# со тарифа за користење авторски музички дела

## Член 1

Со овој Правилник се определуваат условите под кои правно или физичко лице (во натамошниот текст: корисник) може јавно да соопштува, односно објавува музички дела, кои ЗАМП колективно ги управува на територијата на Р. Македонија, во согласност со Законот за авторското право и сродните права( во понатамошниот текст ЗАПСП), Статутот на ЗАМП и Решението за давање дозвола за колективно управување на Министерството за култура на Владата на Република Македонија.

## Член 2

Репертоарот на ЗАМП го сочинуваат објавени музичко несценски дела како што се :

а)ораториуми, кантати, дела на симфониската, камерната, солистичката, хорската, забавната, детската, народната, џез музиката и сл.;

б)извадоци од музички сценски дела (опери, балети, оперети и сл.) без оглед на нивното траење под услов тие извадоци да не претставуваат драмска целина;

в)музика од музичко-кореографски дела (концертни и радио изведувања) без оглед на траењето;

г)музички дела користени во драмски дела, било да се користени како музичка придружба или како музичка илустрација или да се вклопени во самиот драмски текст;

д)музика користена во ТВ серии, ТВ филмови и кинематографски филмови што се емитуваат преку телевизија;

ѓ)несценски музички дела кои драмско-сценски или кореографски се прикажуваат на сцена или телевизија;

е)музика за музичко-литературни емисии или приредби (музички приказни, рецитали, хумористични и слични емисии, приредби и слично);

ж)музички дела употребени за шпици, звучни записи, интермеца со звучна илустрација;

з) обработка на народно творештво.

**Член 3**

ЗАМП под исти услови колективно ги управува на територијата на Р.Македонија правата на домашните автори и носители на авторски права како и на странските автори и носители на авторски права, според ЗАПСП и Статутот на ЗАМП, а врз основа на меѓународните конвенции и други договори склучени меѓу Р.Македонија и други земји, како и врз основа на реципрочни договори склучени меѓу ЗАМП и соодветни странски здруженија.

**Член 4**

Корисникот е должен да обезбеди дозвола од ЗАМП за секое јавно користење, односно објавување на авторски музички дела од репертоарот на ЗАМП.

Дозволата од претходниот став, може да се издаде за еднократно или повеќекратно (за договорен временски период) користење на авторски музички дела.

**Член 5**

Корисникот е должен најдоцна 15 дена пред денот на користењето на авторски музички дела, да ја извести организацијата и да побара дозвола за користење, а во рок не подолг од 15 дена од денот на користењето, да и достави на организацијата целосни податоци за користените дела, за местото и времето на користењето и да изврши исплата на надоместоците.

Корисникот е одговорен за потполноста и вистинитоста на податоците внесени во прегледот на изведените, односно објавени дела.

Заради електронско евидентирање, обработка на податоци, следење и контрола над емитуваните авторски дела, РТВ организациите се должни да овозможат ЗАМП задолжително да обезбеди и инсталира систем за електронско евидентирање на емитуваните авторски дела, односно да доставaт преглед на емитуваните авторски дела на друг начин предвиден со закон.

Радио-телевизиските организации се должни да и овозможат на ЗАМП инсталирање на системот за електронско евидентирање и да обезбедат сопствен компатибилен систем со кој се овозможува приклучување на системот.

**Член 6**

Висината на надоместоците за користење на авторски музички дела се определуваат со :

1)Општ договор меѓу ЗАМП и здруженијата на одделни категории корисници, односно нивните комори што преставуваат мнозинство корисници (општ договор) ;

2)Поединечен договор меѓу ЗАМП и поединечен корисник (поединечен договор) и

3)Доколку надоместоците за јавно соопштување не се определени со договор (општ и поединечен) тие се плаќаат согласно Правилникот со Тарифа за користење авторски музички дела на ЗАМП .

Договорите задолжително содржат податоци за висината, условите за користење на авторското дело, рокот и начинот на плаќање, околностите поради кои висината на определениот надоместок се зголемува или намалува, доколку таквото зголемување или намалување се предвидува.

За ист вид и обем на користење на авторските дела, во општ договор, не може да се утврдуваат повисоки износи на надоместоци за користење од оние што се утврдени во тарифата, а со поединечен договор, не може да се утврдуваат повисоки износи на надоместоци за користење од оние што се утврдени во општиот договор, односно тарифата.

**Член 7**

Користење авторско дело без плаќање надоместок по исклучок е дозволено во следните случаи :

- користење авторско дело заради илустрирање во образовни или научни истражувања до степен оправдан со некомерцијалната цел што треба да се постигне, под услови да се наведе името на авторот и изворот, освен доколку тоа е невозможно ;
- користење авторско дело за потребите на лица со посебни потреби на начин кој е непосредно поврзан со посебната потреба, до степен што таа го бара и без комерцијална цел;
- користење делови на авторски дела ( цитати ), во научни истражувања за настава, критика, полемика или преглед, во обем и до степен потребен за конкретната намена и под услов да се наведе името на авторот и изворот, освен доколку тоа не е возможно;
- користење дела за целите на јавната безбедност или во судска, парламентарна или административна постапка;
- користење авторско дело за време на верски обреди или други службени одбележувања, организирани од органите на државната власт и единиците на локалната самоуправа, во рамките на официјалниот протоколарен дел, одржани во седиштето или службените простории на организаторот;
- преработка на дело во пародија, карикатура или пастиж, под услов преработката да не создава забуна во однос на оригиналот на делото и авторството и ако преработката е во рамките на дозволеното користење на делото;
- умножување авторско дело на носач на тон и слика, јавно соопштување на делото од тој носач, како и јавно соопштување на делото што се емитува, во продавници, на саеми и други места каде што се демонстрира работата на апарати за снимање, умножување и пренесување на тон и слика, во мера што е неопходна за демонстрирање на работата на апаратите. Записите/снимките создадени по оваа основа веднаш се бришат;
- јавно соопштување и ставање на располагање на јавноста на авторско дело заради истражување или лично усовршување на определени места во јавни, научни, културни, образовни и други установи од сличен карактер, доколку делото не може да се купи, или за неговото користење не е потребна дозвола и е дел од колекциите/фондот на установите.

## Член 8

При користење дела на хуманитарни манифестации или други активности, Управниот одбор може да одлучи, во целост или делумно, дел од авторскиот надоместок да се вложи во хуманитарната цел, под следните услови:

-Доколку организаторот (корисникот) е регистриран како непрофитна организација, за обавување на хуманитарна дејност;

-Доколку организаторот (корисникот) достави барање (известие) за користење на музички дела на хуманитарната манифестација најмалку 15 дена пред користењето;

-Доколку сите изведувачи настапуваат на приредбата бесплатно;

-Доколку организаторот (корисникот) јавно го наведе ЗАМП како лице кое придонесува за одржување на хуманитарната манифестација;

-Доколку организаторот (корисникот) во рок од 15 дена по одржувањето на хуманитарната манифестација ја достави сета финансиска документација од која може да се забележат сите приходи и расходи од манифестацијата.

## Член 9

(1) Надоместоците за користење на авторското дело, се определуваат според следниве основи:

1) кога користењето на авторското дело, е нужно за вршење на дејноста на корисникот, односно приходот во дејноста зависи од нивно користење (јавно изведување на авторски дела, без разлика на намената и просторот во кој се изведуваат како концертна, интерпретаторска, танцова дејност и други видови на користење, како ставање на располагање на јавноста на барање и слично), надоместокот за користење се определува, по правило, во процент од приходот којшто корисникот го остварува со користењето на авторското дело ;

2) кога со користењето од точката 1 на овој став надоместокот не е можно да се определи во процент од приходот, тогаш тој се определува во паричен износ што соодветствува на придонесот од користењето на авторските дела;

3) кога користењето на авторското дело, се врши од страна на радио-телевизиска организација, надоместокот за користење се определува во номинален износ кој се утврдува во зависност од видот на авторското дело и во зависност од видот на програмата, односно сегментот на програмската шема на радио-телевизиската организација, согласно прописите со кои се уредува вршењето на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, и се пресметува во зависност од траењето на емитувањето,односно користењето согласно системот за електронска евиденција предвидено согласно ЗАПСП или надоместокот се определува во процентот од приходот кој ги опфаќа средствата од радиодифузната такса и/или претплатата, рекламите, спонзорствата, дотациите и приходите од промет на програми. Како приход не се сметаат средствата од данокот за додадена вредност, средствата од кредити и камати на кредити;

4) во случаите од точка (3) на овој член надоместокот надоместокот на годишно ниво не може да изнесува повеќе од :

-18 месечни просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година за тековната година за јавното радиодифузно претпријатие-македонска радио-телевизија и за радио-телевизиските организации кои емитуваат програмски сервиси на државно ниво,

-12 месечни просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година за тековната година за радио-телевизиските организации кои емитуваат програмски сервиси на регионално ниво, во зависност од подрачјето на регионот за кое е издадена дозвола за емитување,

-6 месечни просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година за тековната година за радио-телевизиските организации кои емитуваат програмски сервиси на локално ниво.

5) кога користењето на авторското дело односно предметот на сродните права се врши од страна на непрофитна радио-телевизиска организација, надоместот за користење не се плаќа ;

6) кога користењето на авторското дело, се врши од страна на радио-телевизиските организации кои со закон се обврзани да емитуваат инструментална музика од македонски автори и автори на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокална-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, во законски определени периоди и траење, за користењето на авторското дело во овие случаи, надоместокот се определува во износ за десет пати намален од износот што е определен за радиодифузно емитување на авторски дела согласно со основите од ставот (1) точка 3 на овој член;

7) кога користењето на авторското дело, се врши од страна на кабелските оператори надоместокот за користење по правило се определува по бројот на претплатници на операторот до кои е овозможена услугата за реемитување на радио и телевизиските програми;

8) кога со јавното користење на авторското дело, не се остварува приход (приредби, манифестации и слично), надоместокот се определува во процент од трошоците потребни за користење на авторското дело, како што се надоместоците на авторите, трошоците за користење на просторот при користење на авторското дело и други соодветни трошоци;

9) при определувањето на надоместоците од точките 1, 2, 3 и 6 на овој став се определува и најнискиот номинален (апсолутен) износ на надоместокот и

10) кога користењето на авторското дело, не е нужно за вршење на дејноста на корисникот, меѓутоа придонесува кон зголемување на пријатноста на крајните корисници на нивните услуги (сместувачки капацитети, хотели, изложбени простори, угостителски објекти, превозни средства и други слични дејности), надоместокот се определува во паушални износи и тоа за постојаните и за повремените користења на авторското дело.

(2) Корисник, во смисла на ставот (1) на овој член, е физичко или правно лице кое користи авторско дело за вршење на дејност или занимање. Доколку повеќе корисници заеднички користат авторско дело, обврските кон организацијата ги исполнуваат солидарно, доколку со претходен меѓусебен договор поинаку не се договориле.

(3) Како краен корисник на услугите на корисниците од ставот (1) на овој член, во смисла на овој закон, е физичко или правно лице кое како потрошувач за непосредна сопствена потрошувачка за цели што не се наменети за вршење на негово занимање или за други деловни дејности, користи услуги во кои се содржани авторски дела.

(4) ЗАМП нема право да бара наплата на надоместоци од лица кои се крајни корисници од став (3) на овој член. Договорите од став (1) точките 1 и 2 на овој член склучени спротивно на овој член се ништовни.

11) По исклучок од точката 10 на овој став не се плаќа надомест за користење на авторското дело во :

-простории во кои занаетчиска дејност врши физичко лице-занаетчија регистриран во Регистарот на занаетчии,

-музеи, галерии, и други простории во кои се врши организирање и јавно изложување на оригинали или примероци на дела од ликовната и применетата уметност, оригинали на книжевни или музички дела и други уметнички предмети,

-одмаралишта и планинарски домови,

-трговски и други производствени погони и

-превозни средства во јавен линиски превоз на патници и авто-такси превоз на патници.

## Член 10

При определувањето на висината на надоместоците се земаат предвид:

1)правата,видовите и обемот на нивното користење ;

2)бројноста на потенцијалните корисници ;

3)категоријата и големината на просторот ;

4)времетраењето и бројот на користењата ;

5)разликата на цените во работењето на корисникот поради користењето на делата ;

6)структурата и природата на програмата ( форматот на радиодифузниот сервис ), согласно со издадената дозвола за вршење радиодифузна дејност (кај радиодифузното емитување) ;

7)религиозните, културните, општествените и социјалните интереси на корисниците и

8)интересите на младите и лицата со посебни потреби.

## Член 11

Билетите кои се даваат на спонзорите или донаторите од страна на организаторите на концертна, интерпретаторска, танцова и слична приредба се пресметуваат во приходот од соодветната приредба.

ЗАМП признава до 10% гратис од вкупниот број на билети.

## Член 12

Надоместот во паушален износ се изразува во бодови, а вредноста на бодот

(1 бод) се изразува во денари.

Вредноста на бодот во тарифниот дел од Правилникот изнесува 4,00 денари.

Вредноста на бодот се усогласува, годишно со порастот на цените на мало, според објавените статистички податоци.

Ако порастот на цените на мало е поголем од 10% во однос на почетокот на годината, вредноста на бодот може да се усогласи и во текот на годината.

**Член 13**

Корисникот е должен да води уредна евиденција за остварените приходи, односно надоместоци на изведувачите, кои служат како основа за пресметка на надоместокот за изведување, односно објавување.

ЗАМП има право на увид и контрола во податоците од кои зависи висината на авторскиот надоместок, а корисникот е должен тоа да му го овозможи.

**Член 14**

Кога од финансиска или друга документација од корисникот не е можно да се има увид во приходот, кој е основа за пресметка на авторскиот надоместок, ЗАМП ќе го пресмета по највисоката тарифна ставка, која е со важност за соодветното користење на авторските дела.

**Член 15**

Собранието на ЗАМП дава автентично толкување на Правилникот со тарифа за користење на авторски музички дела.

**Член 16**

По влегување во сила на овој Правилникот со тарифа за користење на авторски музички дела престанува даважи Правилникот за јавно соопштување и соопштување на музички дела во јавноста (Сл. весник на РМ бр. 154/11)

**Член 17**

Правилникот со тарифа за користење на авторски музички дела по неговото донесување согласно ЗАПСП и Статутот на ЗАМП, се објавува во “Службен весник на Република Македонија”.

Правилникот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

**СОБРАНИЕ НА ЗАМП**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф.Живоин Глишиќ**

# ТАРИФА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ДЕЛА

## А. НАДОМЕСТ ЗА ЈАВНО СООПШТУВАЊЕ НА МУЗИЧКИ ДЕЛА НА ПРИРЕДБИ

### I МУЗИЧКИ ПРИРЕДБИ

**Тарифен број 1**

| Ред. број | Вид на приредбата | Влез со наплата на влезен билет или др. форма на наплата | Бесплатен влез | Минимален надомест во бодови |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Концерт на сериозна музика | 6% од приходот | 6% од хонорарот на изведувачите | 500 |
| 2. | Концерти на забавна музика, дела на заштитени автори во духот на народната музика, концерт на изворна и обработена народна музика (песни и игри), караоке (имитации) | 10 % од приходот | 10 % од хонорарот на изведувачите | 1100 |
| 3. | Концерти на џез музика | 8 % од приходот | 8 % од хонорарот на изведувачите | 900 |

Надомест за јавно соопштување на музички дела според овој тарифен број се наплатува и на приредби, како што се: музички фестивал, музичка свеченост, музичко натпреварување и сл., со тоа што стапката се определува според видот на музиката.

Ако на иста приредба се изведуваат повеќе видови музика (сериозна, забавна, народна, џез) се применува просечна стапка од овој тарифен број.

## II ЗАБАВНИ ПРИРЕДБИ

### Тарифен број 2

За јавно соопштување на музички дела:

а) на забава, игранка, другарска вечер, прослава, банкет, матурска, бруцошка, дипломска, клупска вечер и сл. со наплата на влезница или друг облик на наплата надоместот изнесува 8% од приходот, а во случај кога приредбата е без наведената наплата надоместокот изнесува:

- до 100 лица 500 бода
- од 101-150 лица 1.000 бода
- од 151-200 лица 1.500 бода
- од 201-250 лица 2.000 бода
- од 251- 300 лица 2.500 бода
- над 300 лица 3.000 бода

б) на сезонски забавни приредби како што се бал, маскенбал, карневал, пречек на Нова година, 8 март и слични со наплата на влезници или друг облик на наплата, надоместот изнесува 10% од приходот, а во случај кога приредбата е без наведената наплата надоместокот изнесува:

- до 100 лица 500 бода
- од 101-150 лица 1.000 бода
- од 151-200 лица 1.500 бода
- од 201-250 лица 2.000 бода
- од 251- 300 лица 2.500 бода
- над 300 лица 3.000 бода

## III ДРУГИ ПРИРЕДБИ

### Тарифен број 3

За јавно соопштување музички дела:

а)на танцов натпревар, ревија на мраз, кабаре, балет, академија или слична приредба со наплата на влезници, надоместот изнесува 6% од приходот, а најмалку 500 бода колку што изнесува надоместот и во случај кога приредбата е без наведената наплата;

б) на модна ревија, избор на убавица, демонстрација на производи или слични приредби со наплата на влезници, надоместот изнесува 4% од приходот, а најмалку 500 бода колку што изнесува надоместот и во случај кога приредбата е без наведената наплата;

в) на циркуска, артистичка или слична приредба со наплата на влезници, надоместот изнесува 3% од приходот, а најмалку 500 бода колку што изнесува надоместот и во случај кога приредбата е без наведената наплата.

г) на спортски приредби надоместот изнесува:

- до 1500 седишта 100 бода
- до 1501- 3000 седишта 200 бода
- од 10.001-30000 седишта 300 бода
- над 30.001 седишта 400 бода

д) на свадби, крштевки, сунет и слични приредби со жива или механичка музика за јавно соопштување на музички дела надоместот изнесува по приредба:

- до 100 лица 500 бода
- од 101-150 лица 1.000 бода
- од 151-200 лица 1.500 бода
- од 201-250 лица 2.000 бода
- од 251- 300 лица 2.500 бода
- над 300 лица 3.000 бода

## Б. НАДОМЕСТ ЗА ПОВРЕМЕНО ИЛИ ПОСТОЈАНО ЈАВНО СООПШТУВАЊЕ НА МУЗИЧКИ ДЕЛА

## IV. УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ

### Тарифен број 4

1.За јавно соопштување на музички дела по пат на механичка музика во угостителските објекти, диско клубови и ноќни барови, месечниот надомест се утврдува врз основа на бројноста на потенцијалните корисници, категоријата и големината на просторот, правата, видовите и обемот на нивното користење односно траење на јавното соопштување и изнесува како што е предвидено во следната табела :

| Број на столови во затворен или отворен простор, односно можен број посетители | Траење на јавното соопштување на музички дела (до 24 часот) | (по 24 часот) |
| --- | --- | --- |
| | Бодови | |
| до 40 | 150 | 225 |
| од 41 до 80 | 200 | 300 |
| од 81 до 120 | 250 | 375 |
| од 121 до 180 | 300 | 450 |
| од 181 до 240 | 350 | 525 |
| од 241 до300 | 400 | 600 |
| од 301 до 360 | 450 | 675 |
| од 361 до 420 | 500 | 750 |
| од 421 до 480 | 550 | 825 |
| од 481 до 540 | 600 | 900 |
| од 541 д 600 | 650 | 975 |
| од 601 до 660 | 700 | 1.050 |
| од 661 до 720 | 750 | 1.125 |
| од 721 до 780 | 800 | 1.200 |
| од 781 до 840 | 850 | 1.275 |
| од 841 до 900 | 900 | 1.350 |
| од 901 до1000 | 950 | 1.425 |
| над 1001 | 1.000 | 1.500 |

2. За користење на жива музика основицата од став 1 се зголемува за 50%.

3. Во случаи кога се наплатуваат влезници или задолжителна консумација, основицата од став 1 и 2 се зголемува за дополнителни 50%.

## V. ХОТЕЛИ

### Тарифен бр. 5

1. За користење на музички дела во пансиони, хотелски соби, апартмани, хотелски населби, апартмански населби и сл. сместувачки капацитети, по пат на радио апарати, интерна телевизија од затворен тип или било која друга телевизиска или кабелска мрежа месечниот надомест изнесува 10 бода по реализирано ноќевање.

2.За користење на музички дела во заеднички простории на хотели (фоаје, ресторан сали и сл.) месечниот надомест се утврдува според категоријата на хотелот и тоа:

а) за хотели од V категорија, апартмани, пансиони и мотели од трета категорија надоместот изнесува 250 бода

б) за хотели од IV и III категорија, мотели, апартмани и пансиони од втора категорија надоместот изнесува 500 бода

в) за хотели од II категорија, мотели, апартмани и пансиони од прва категорија надоместот изнесува 1.000 бода

г) за хотели од I категорија надоместот изнесува 1.500 бода

д) за хотели де лукс категорија надоместот изнесува 2.500 бода

3. Корисникот е должен да доставува до 15-ти во месецот за претходниот месец, извештај за бројот на реализирани ноќевања согласно точка 1 од овој тарифен број. Во случај кога корисникот нема да достави извештај во предвидениот рок кој треба да е идентичен со доставениот извештај до надлежен орган ( Министерство за внатрешни работи на РМ и Локалната самоуправа ) месечниот авторски надоместок ќе се пресметува во зависност од капацитетот на објектот и тоа:

а) до 25 гости 500 бода
б) од 26 до 50 гости 1.000 бода
в) од 51 до 75 гости 1.700 бода
г) од 76 до 100 гости 2.500 бода
д) од 101 до 500 гости 3.600 бода
ѓ) повеќе од 500 гости 6.000 бода

## VI. ПРОДАЖНИ ЦЕНТРИ И ДРУГИ ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ

### Тарифен бр. 6

1. За користење на музички дела по пат на механичка музика во продажни (шопинг)центри,стоковни куќи, бензиски пумпи, супермаркети, продавници, бутици, деловни простории и сл. месечниот надомест се утврдува во зависност од големината на просторот и изнесува:

а) до 50 м2 основицата изнесува 1 бод по 1 м2 ;
б) од 50 м2 до 200 м2 основицата изнесува 0,7 бода по 1 м2 и
в) за секој квадратен метар над 200 м2 основицата изнесува 0,5 бода по 1 м2 .

2. Кога музичките дела се соопштуваат и на отворен јавен простор надоместот од претходниот став се зголемува за 100 бода.

## VII. ЗАНАЕТЧИСКИ ДУЌАНИ

### Тарифен број 7

1.За користење на музички дела по пат на механичка музика во берберски или фризерски салони, слаткарници, бурекџилници, сендвичари или други занаетчиски дуќани ( со исклучок на простории во кои занаетчиска дејност врши физичко лице-занаетчија регистриран во Регистарот на занаетчии), месечниот надомест се утврдува во зависност од големината на просторот и изнесува:

а) до 50 м2 основицата изнесува 1 бод по 1 м2 и
б) од 50 м2 до 200 м2 основицата изнесува 1,5 бода по 1 м2

2.Кога музичките дела се соопштуваат и на отворен јавен простор, надоместот од претходниот став се зголемува за 100 бода

## VIII. САЕМИ

### Тарифен број 8

За користење на музички дела по пат на механичка музика, надомест се плаќа во висина од 300 бода дневно.

## IX. СЛУЖБЕНИ ПРОСТОРИИ СО МАСОВЕН ПРИСТАП НА СТРАНКИ (БАНКИ, АГЕНЦИИ )

### Тарифен број 9

За користење на музички дела по пат на механичка музика во банки, агенции и сл.простории со масовен пристап на странки месечниот надомест изнесува 100 бода.

## X. ЧЕКАЛНИЦИ И СТАНИЦИ

### Тарифен број 10

За користење на музички дела по пат на механичка музика месечниот надомест изнесува:

- на автобуски станици 240 бода,
- на железнички станици 320 бода
- на бродски пристаништа 320 бода
- на аеродроми 400 бода

## XI. КИНО САЛИ

### Тарифен број 11

За користење на музички дела по пат на механичка музика, пред почетокот на претставата, во паузата или по претставата во кино салата, се плаќа месечен надоместок по следната табела:

| Број на седишта | Број на бодови |
|---|---|
| до 100 седишта | 30 бода |
| оо 101 - 200 седишта | 50 бода |
| од 201 - 400 седишта | 100 бода |
| од 401 - 600 седишта | 150 бода |
| над 601 седишта | 200 бода |

## XII. ТЕЛЕКОМ УСЛУГИ

### Тарифен број 12

За соопштување на музички дела по пат на телефон надомест се плаќа месечно во износ од 10% од приходот остварен остварен по тој основ, според бројот на регистрирани импулси.

Доколку корисникот не достави податоци за остварениот приход, надоместот ќе се пресмета во двоен износ од последниот месец за кој постојат податоци.

Доколку се работи за нов корисник кој нема да достави податоци за остварениот приход, надомест ќе му се пресмета во двоен износ, врз основа на просекот на податоци добиени од други корисници.

## XIII.САЛОНИ ЗА ЗАБАВА

### Тарифен број 13

За користење на музички дела по пат на механичка музика во салони за забава и игри на среќа (обложувалници, билијард, автомати, флипери и сл.), доколку не се даваат угостителски услуги, месечниот надомест износува 50 бода.

## XIV.ЗАБАВНИ ПАРКОВИ

### Тарифен број 14

За користење на музички дела по пат на механичка музика во забавни паркови, месечниот надомест изнесува 100 бода.

## XV. СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ

### Тарифен број 15

За користење на музички дела по пат на механичка музика на спортски простори, лизгалишта, базени и сл., месечниот надомест изнесува по следнаав табела:

| Број на седишта | Број на бодови |
|---|---|
| до 1.500 седишта | 100 бода |
| од 1.501 -3.000седишта | 150 бода |
| од 3.001 -10.000седишта | 200 бода |
| од 10.001 -30.000 седишта | 300 бода |
| над 30.001 седишта | 400 бода |

## XVI.ШКОЛИ ЗА ИГРАЊЕ

### Тарифен број 16

Надомест се плаќа месечно и изнесува без оглед на видот на музиката 300 бода.

## XVII. АЕРОБИК, ФИТНЕС И САЛОНИ ЗА УБАВИНА

### Тарифен број 17

За користење на музички дела по пат на механичка музика во центри за аеробик, фитнес и салони за убавина (козметика и масажа) месечниот надомест изнесува:

а) до 50 м2 основицата изнесува 1 бод по 1 м2 и
б) од 50 м2 до 200 м2 основицата изнесува 1,5 бода по 1 м2
в) за секој квадратен метар над 200 м2 основицата изнесува 2 бода по 1м2

## XVIII. МУЗИЧКИ АВТОМАТИ

### Тарифен број 18

За јавно соопштување на музички дела од музички автомати без екран, надомест се плаќа месечно и изнесува 300 бода.

За јавно соопштување на музички дела од музички автомти со екран, надомест се плаќа месечно и изнесува 450 бода.

## XIX. СВИРАЧИ ПОЕДИНЦИ

### Тарифен број 19

Надомест плаќаат свирачи поединци (улични свирачи и др.) кои се регистрирани согласно закон за јавно соопштување на музички дела месечно во износ од 50 бода.

## В. РАДИОДИФУЗНО ЕМИТУВАЊЕ

## XX. ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

### Тарифен бр 20

1. За емитување на несценски музички дела од страна на ЈП Македонска радиотелевизија, кога користењето на авторското дело е нужно за вршење на дејноста на корисникот, надоместокот за користење се определува во номинален

износ кој се утврдува во зависност од видот на авторското дело и во зависност од видот на програмата, односно сегментот на програмската шема на радио-телевизиската организација, согласно прописите со кои се уредува вршењето на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, и се пресметува во зависност од траењето на емитувањето,односно користењето согласно системот за електронска евиденција предвидено согласно ЗАПСП или надоместокот се определува во процентот од приходот кој ги опфаќа средствата од радиодифузната такса и/или претплатата, рекламите, спонзорствата, дотациите и приходите од промет на програми.

2. Како приход не се сметаат средствата од данокот за додадена вредност, средствата од кредити и камати на кредити.

3. За емитување на несценски музички дела од страна на ЈП Македонска радиотелевизија, кога користењето на авторското дело е нужно за вршење на дејноста, кој со закон е обврзан да емитува инструментална музика од македонски автори и автори на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокална-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, во законски определени периоди и траење, за користењето на авторското дело во овие случаи, надоместокот се определува во износ за десет пати намален од износот што е определен за радиодифузно емитување на авторски дела согласно со основите од ставот 1 на овој член.

4. ЈП Македонска радиотелевизија, доколку со договор не е поинаку утврдено, авторски надомест плаќа месечно и тоа:

-номинален износ од 28,02 денари за секоја минута од ефективното траење на делото емитувано на програмите на Македонското радио и се пресметува во зависност од траењето на емитувањето, односно користењето согласно на системот за електронска евиденција согласно закон и номинален износ од 145,25 денари за секоја минута од ефективното траење на делото емитувано на програмите на Македонската телевизија и се пресметува во зависност од траењето на емитувањето, односно користењето согласно со системот за електронска евиденција согласно закон, или

- 3 % од приходите остварени врз основа на радиодифузната такса и

- 3% од приходите остварени врз основа на рекламите, спонзорствата, дотациите и приходите од промет на програми.

5. Во случаите од точка (1 и 4) на овој член надоместокот на годишно ниво не може да изнесува повеќе од :

-18 месечни просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година за тековната година за јавното радиодифузно претпријатие-македонска радио-телевизија.

## XXI. ТРГОВСКИ РАДИО ДИФУЗНИ ДРУШТВА
## Емитување и пренос на радио програмски сервис

## Тарифен број 21

1.За емитување на несценски музички дела по пат на радио, кога користењето на авторското дело е нужно за вршење на дејноста на корисникот, надоместокот за користење се определува во номинален износ кој се утврдува во зависност од видот на авторското дело и во зависност од видот на програмата, односно сегментот на програмската шема на радиодифузната организација, согласно прописите со кои се уредува вршењето на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, и се пресметува во зависност од траењето на емитувањето,односно користењето согласно системот за електронска евиденција предвидено согласно ЗАПСП или надоместокот се определува во процентот од приходот кој ги опфаќа средствата од радиодифузната такса и/или претплатата, рекламите, спонзорствата, дотациите и приходите од промет на програми.

2. Како приход не се сметаат средствата од данокот за додадена вредност, средствата од кредити и камати на кредити.

3. При утврдување на надоместокот се зема во предвид и структурата и природата на програмата (форматот на радиодифузниот сервис), согласно со издадената дозвола за вршење радиодифузна дејност и тоа :

а) говорни и говорно-музички радија од општ формати во зависност од медиумската функција која ја остваруваат можат да бидат :

-претежно образовен општ формат,
-претежно информативен општ формат и
-претежно забавен општ формат.

б) говорни и говорно-музички радија од специјализиран формат ;
в) музичко-говорни и музички радија од општ формат и
г) музичко-говорни и музички радија од специјализран формат.

4. Подрачјето односно сервисната зона на која се врши дејноста.

Доколку со договор не е поинаку утврдено, авторскиот надомест се плаќа месечно согласно приложената табела.

5. Во случаите од точка (1 и 4) на овој член надоместокот на годишно ниво не може да изнесува повеќе од :

-18 месечни просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година за тековната година за радиодифузни организации кои емитуваа програмски сервиси на државно ниво.

-12 месечни просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година за тековната година за радиодифузни организации кои емитуваат програмски сервиси на регионално ниво, во зависност од подрачјето на регионот за кое е издадена дозвола за емитување,

-6 месечни просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година за тековната година за радиодифузни организации кои емитуваат програмски сервиси на локално ниво.

## Радио програмски сервиси на локално ниво

| **Формати на радио програмски сервиси** | | **Процент од приходот** | **Номинален износ од (една минута во денари)** | **6 месечни просечни плати (на годишно ниво)** |
|---|---|---|---|---|
| Говорни и говорно музички радија од општ формат : | -образовен | 2,00% | 0,21 | 98,00% |
| | -информативен | 2,25% | 0,24 | 98,25% |
| | -забавен | 2,50% | 0,27 | 98,50% |
| Говорни и говорно музички радија од специјализиран формат | | 3,00% | 0,30 | 99,00% |
| Музичко-говорни и музички радија од општ формат | | 3,50% | 0,33 | 99,50% |
| Музичко-говорни и музички радија од специјализиран формат | | 4.00% | 0,36 | 100% |

## Радио програмски сервиси на регионално ниво

| **Формати на радио програмски сервиси** | | **Процент од приходот** | **Номинален износ од (една минута во денари)** | **12 месечни просечни плати (на годишно ниво)** |
|---|---|---|---|---|
| Говорни и говорно музички радија од општ формат : | -образовен | 1,75% | 0,80 | 98,00% |
| | -информативен | 2,00% | 0,91 | 98,25% |
| | -забавен | 2,25% | 1,02 | 98,50% |
| Говорни и говорно музички радија од специјализиран формат | | 2,75% | 1,13 | 99,00% |
| Музичко-говорни и музички радија од општ формат | | 3,25% | 1,36 | 99,50% |
| Музичко-говорни и музички радија од специјализиран формат | | 3.75% | 1,47 | 100% |

**Радио програмски сервиси на државно ниво**

| Формати на радио програмски сервиси | | Процент од приходот | Номинален износ од (една минута во денари) | 18 месечни просечни плати (на годишно ниво) |
|---|---|---|---|---|
| Говорни и говорно музички радија од општ формат : | -образовен | 1,50% | 2,89 | 98,00% |
| | -информативен | 1,75% | 3,37 | 98,25% |
| | -забавен | 2,00% | 3,85 | 98,50% |
| Говорни и говорно музички радија од специјализиран формат | | 2,50% | 4,81 | 99,00% |
| Музичко-говорни и музички радија од општ формат | | 3,00% | 5,77 | 99,50% |
| Музичко-говорни и музички радија од специјализиран формат | | 3,50% | 6,25 | 100% |

6. За емитување на несценски музички дела од страна на радиодифузерот , кога користењето на авторското дело е нужно за вршење на дејноста, кој со закон е обврзан да емитува инструментална музика од македонски автори и автори на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокална-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, во законски определени периоди и траење, за користењето на авторското дело во овие случаи, надоместокот се определува во износ за десет пати намален од износот што е определен за радиодифузно емитување на авторски дела согласно со основите од ставот (1, 2, 3, 4 и 5).

## XXII.ТРГОВСКИ РАДИО ДИФУЗНИ ДРУШТВА
### Емитување и пренос на телевизиски програмски сервис

## Тарифен бр.22

1.За емитување на несценски музички дела по пат на телевизија, кога користењето на авторското дело е нужно за вршење на дејноста на корисникот, надоместокот за користење се определува во номинален износ кој се утврдува во зависност од видот на авторското дело и во зависност од видот на програмата, односно сегментот на програмската шема на телевизиската организација, согласно прописите со кои се уредува вршењето на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, и се пресметува во зависност од траењето на емитувањето,односно

користењето согласно системот за електронска евиденција предвидено согласно ЗАПСП или надоместокот се определува во процентот од приходот кој ги опфаќа средствата од радиодифузната такса и/или претплатата, рекламите, спонзорствата, дотациите и приходите од промет на програми.

2. Како приход не се сметаат средствата од данокот за додадена вредност, средствата од кредити и камати на кредити.

3. При утврдување на висината на надоместокот се зема во предвид и структурата и природата на програмата (форматот на радиодифузниот сервис), согласно со издадената дозвола за вршење радиодифузна дејност и тоа :

а) Телевизискиот  програмски сервис од општ формати во зависност од медиумската функција која ја остваруваат можат да бидат :

-претежно образовен општ формат ;

-претежно информативен општ формат и

-претежно забавен општ формат.

б) Телевизискиот програмски сервис од специјализиран формат

4.Подрачјето односно сервисната зона на која се врши дејноста.

Доколку со договор не е поинаку утврдено, авторскиот надомест се плаќа месечно согласно приложената табела.

5. Во случаите од точка (1 и 4) на овој член  надоместокот на годишно ниво не може да изнесува повеќе од :

-18 месечни просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година за тековната година за телевизиските организации кои емитуваа програмски сервиси на државно ниво.

-12 месечни просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година за тековната година за телевизиските организации кои емитуваат програмски сервиси на регионално ниво, во зависност од подрачјето на регионот за кое е издадена дозвола за емитување,

-6 месечни просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година за тековната година за телевизиските организации кои емитуваат програмски сервиси на локално ниво.

**Телевизиски програмски сервиси на локално ниво**

| **Формати на телевизиски програмски сервиси** | | **Процент од приходот** | **Номинален износ од (една минута во денари)** | **6 месечни просечни плати (на годишно ниво)** |
|---|---|---|---|---|
| Општ формат : | -образовен | 2,00% | 27,08 | 98.50% |
| | -информативен | 2,25% | 30,46 | 98.75% |
| | -забавен | 2,50% | 33,84 | 99.00% |
| Специјализиран формат | | 3,50% | 40,61 | 100% |

**Телевизиски програмски сервиси на регионално ниво**

| Формати на телевизиски програмски сервиси | | Процент од приходот | Номинален износ од (една минута во денари) | 12 месечни просечни плати (на годишно ниво) |
|---|---|---|---|---|
| Општ формат : | -образовен | 1,75% | 59,45 | 99.00% |
| | -информативен | 2,00% | 67,94 | 99.25% |
| | -забавен | 2,25% | 76,43 | 99.50% |
| Специјализиран формат | | 2,75% | 93,41 | 100% |

**Телевизиски програмски сервиси на државно ниво**

| Формати на телевизиски програмски сервиси | | Процент од приходот | Номинален износ од (една минута во денари) | 18 месечни просечни плати (на годишно ниво) |
|---|---|---|---|---|
| Општ формат: | -образовен | 1,50% | 654,25 | 99.00% |
| | -информативен | 1,75% | 763,29 | 99.25% |
| | -забавен | 2,00% | 872,33 | 99.50% |
| Специјализиран формат | | 2,50% | 1.090,41 | 100% |

6 За емитување на несценски музички дела од страна на радиодифузерот , кога користењето на авторското дело е нужно за вршење на дејноста, кој со закон е обврзан да емитува инструментална музика од македонски автори и автори на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокална-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, во законски определени периоди и траење, за користењето на авторското дело во овие случаи, надоместокот се определува во износ за десет пати намален од износот што е определен за радиодифузно емитување на авторски дела согласно со основите од ставот (1, 2, 3,4 и 5).

## XXIII.ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА САТЕЛИТСКО ЕМИТУВАЊЕ

### Тарифен број 23

1.За сателитско емитување на несценски музички дела по пат на телевизија, кога користењето на авторското дело е нужно за вршење на дејноста на корисникот,

надоместокот за користење се определува во номинален износ кој се утврдува во зависност од видот на авторското дело и во зависност од видот на програмата, односно сегментот на програмската шема на телевизиската организација, согласно прописите со кои се уредува вршењето на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, и се пресметува во зависност од траењето на емитувањето,односно користењето согласно системот за електронска евиденција предвидено согласно ЗАПСП или надоместокот се определува во процентот од приходот кој ги опфаќа средствата од радиодифузната такса и/или претплатата, рекламите, спонзорствата, дотациите и приходите од промет на програми.

2.Како приход не се сметаат средствата од данокот за додадена вредност, средствата од кредити и камати на кредити.

3.При утврдување на висината на надоместокот се зема во предвид и структурата и природата на програмата (форматот на радиодифузниот сервис), согласно со издадената дозвола за вршење радиодифузна дејност и тоа :

а)Телевизискиот програмски сервис од општ формати во зависност од медиумската функција која ја остваруваат можат да бидат :

-претежно образовен општ формат ;

-претежно информативен општ формат и

-претежно забавен општ формат.

б) Телевизискиот програмски сервис од специјализиран формат

4. Подрачјето односно сервисната зона на која се врши дејноста.

Доколку со договор не е поинаку утврдено, авторскиот надомест се плаќа месечно според приложената табела.

5. Во случаите од точка (1 и 4) на овој член надоместокот на годишно ниво не може да изнесува повеќе од :

-18 месечни просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година за тековната година за телевизиските организации кои емитуваа програмски сервиси на државно ниво.

**Телевизиски програмски сервиси на државно ниво**

| **Формати на телевизиски програмски сервиси** | | **Процент од приходот** | **Номинален износ од (една минута во денари)** | **18 месечни просечни плати (на годишно ниво)** |
|---|---|---|---|---|
| Општ формат: | -образовен | 1,50% | 654,25 | 99.00% |
| | -информативен | 1,75% | 763,29 | 99.25% |
| | -забавен | 2,00% | 872,33 | 99.50% |
| Специјализиран формат | | 2,50% | 1.090,41 | 100% |

6.За емитување на несценски музички дела од страна на радиодифузерот , кога користењето на авторското дело е нужно за вршење на дејноста, кој со закон е обврзан да емитува инструментална музика од македонски автори и автори на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокална-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, во законски определени периоди и траење, за користењето на авторското дело во овие случаи, надоместокот се определува во износ за десет пати намален од износот што е определен за радиодифузно емитување на авторски дела согласно со основите од ставот (1, 2, 3, 4 и 5 ).

## XXIV.ЕМИТУВАЊЕ ПРЕКУ САТЕЛИТ ПО ПАТ НА СРЕДСТВА ЗА ДЕКОДИРАЊЕ НА СИГНАЛ (DIRECT TO HOME технологија)

### Тарифен број 24

Доколку со договор не е поинаку утврдено, авторскиот надомест за емитување на авторски музички дела преку сателит по пат на средства за декодирање на сигнал (DIRECT TO HOME технологија) плаќаат надомест во висина од:

-4 бода , по претплатник, месечно.

Операторот е должен да достави извештај за бројот претплатници, најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец.

## XXV. КАБЕЛСКО РЕЕМИТУВАЊЕ РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМИ ВО КАБЕЛСКА МРЕЖА

### Тарифен број 25

Доколку со договор не е поинаку утврдено, авторскиот надомест за емитување на авторски музички дела за дистрибуција на радио и телевизиски програми во кабелска мрежа, кабелските оператори плаќаат надомест во висина од:

- 4 бода, по претплатник, месечно.

Операторот на кабелска мрежа е должен да достави извештај за бројот на претплатници, до 15-ти во месецот за претходниот месец.

## XXVI. ДАВАЊЕ ПОД НАЕМ

### Тарифен број 26

Авторскиот надомест за давање на фонограми и видеограми под наем изнесува 4% од висината на наемнината, врз основа на приложен извештај од корисникот најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец.

## XXVII . ИНТЕРНЕТ УСЛУГИ

### Тарифен број 27

**1.Стриминг на музички содржини без можности за даунлоудирање :**

Авторскиот надоместок за користење на интернет услуги изнесува 10% од приходот на интернет страницата со музички содржини, но не помалку од минималниот износ, утврден во следната табела според категории :

| Број на посети месечно: | | до 5.000 посетители | за секои дополнителни 5.000 посетители |
|---|---|---|---|
| Интернет радио - web simulcasting или чист web радио | | 600 бода | 400 бода |
| Пренос на јавни изведби со музика - web streaming | | 600 бода | 400 бода |
| Кулисна музика (по дело) | | 400 бода | 300 бода |
| Преслушување на барање - ставање на располагање на јавноста без можност за download | - до 50 дела: | 1000 бода | 700 бода |
| | - од 50 до 100 дела: | 1500 бода | 1000 бода |
| | - повеќе од 100 дела: | со посебен договор | |

Минималниот надомест за наведените категории се пресметува независно една од друга, а потоа се собираат.

Приходот се дефинира како приход од претплата, реклами, спонзорства, дотации, провизии, цесии, компензации и слични страници со музички содржини.

**2.Даунлоудирање на музички дела**

Авторскиот надомест изнесува 8% од малопродажната цена на содржината.

Минималниот надомест изнесува 1 бод по дистрибуиран дел.